ИНФОРМАЦИЈА

**за реализирана студиска посета во Р.Хрватска во перидот од 03 до 06 ноември 2014 година**

Во периодот од 03-06 ноември 2014 година во Загреб, Хрватска се реализираше студиската посета во рамките Меморандумот за соработка помеѓу Програмата за развој на обединетите нации (UNDP) и Министерството за образование и наука и Управата за извршување на сакциите, како дел од активностите на проектот „Промовирање на одржливи вработувања III“

Студиската посета овозможи компаративна анализа на пенитенцијарните системи која значително ќе допринесе за изнаоѓање на соодветни решенија при спроведувањето на проектот „Промовирање на одржливи вработувања III“, вклучително и на идентификувањето на неопходните чекори за да се изгради ефикасен систем на образование и стручно оспособување на осудените лица кои се наоѓаат на издржување на казна затвор и малолетници на кои им е изречена воспитна мерка – упатување во воспитно-поправен дом во Р.Македонија.

Крајна цел на проектот „Промовирање на одржливи вработувања III“, кој се реализра во соработка со релевантни претставници од институциите потписнички на Меморандумот за соработка, е осудените лица да станат конкурентни на пазарот на трудодот како дел од мерките кои што се применуваат заради вклучување на осудените лица во животот на слобода, односно укажување на помош по отпуштањето од казнено-поправните и воспитно-поправните установи.